Бр: 03-174/2
Скопје: 14.10.2022

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-1286/1 од 20.09.2022 година (Наш број 03-174/1 од 21,09.2022 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 14.10.2022 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

Најавата за планиран втор инвестициски проект на Друштвото за производство и трговија АПТИВ СЕРВИСЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје со кој се предвидува инвестирање во материјални и нематеријални средства поврзани со проширување на капацитетите за производство во постојната фабриката во ТИРЗ Скопје 1 е во согласност со Законот за контрола на државната помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на РМ“ бр. 109/13), под услов вкупниот интензитет на регионалната помош кој Друштвото за производство и трговија АПТИВ СЕРВИСЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје би ја добила од државата како индивидуална помош и /или преку шема на помош да не надминува 50% од оправданите инвестициски трошоци, со тоа што корисникот на помошта задолжително мора да учествува со најмалку 25% во финансирањето на проектот, согласно член 5 став 4 од Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош, а инвестицијата да се одржува најмалку 5 години по целосната реализација, согласно член 6 став 1 од Уредбата.

Давателот на државната помош е должен да поднесе известување за планирано доделување на индивидуална државна помош, согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош и Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на РМ“бр. 142/11), како и на Образец I од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**